Бр. 09-1149/1
25.9.2025 година

Врз основа на член 4 од Одлуката за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за студентите чие родителско право го врши само еден родител и критериумите за остварување на ова право за учебната 2025/2026 година (бр. 02-1092/11 од 16.9.2025г.), Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ објавува

**И Н Т Е Р Е Н  О Г Л А С**

**за избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител, кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за учебната 2025/2026 година**

1. Со овој Конкурс се врши избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител **кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за учебната 2025/2026 година**

2. Право на учество на Огласот има секој студент кој запишал зимски семестра на прв циклус на студии во учебната 2025/2026 година, а кој има само еден родител со родителско право (во натамошниот текст – апликант), односно има:
   - ☐ само еден родител запишан во изводот од матичната книга на родените, или;
   - ☐ починат родител, или
   - ☐ родител кој го загубил родителското право.

3. За спроведување на постапката за селекција на апликантите по овој Оглас, единиците формираат комисија и најдоцна од 30.9.2025 година објавуваат електронска адреса за аплицирање.

4. Апликантите, **најдоцна до 14.10.2025 година до Претседателот на Комисијата во својата единица**, на објавената електронска адреса треба да достават пријава во која ќе наведат
   - за бруцошите: вкупен број на поени според кои, согласно Конкурсот, студентот се запишал во прва година на студии
   - за студентите од повисоките години: просечен успех од положените испити

Со пријавата апликантите, во pdf – формат, ги доставуваат и следниве документи:

- потврди за остварена плата на вработените членови на семејството за последната исплатена плата,
- за корисници на социјална помош се доставува последно решение/потврда од центарот за социјални работи,
- за пензионираните членови на семејството се доставува документ за висина на пензија
- пресуда од надлежен суд со утврдена законска издршка за кандидат и истата се смета како месечен приход
- за родител на кој му е одземено родителското право - решение од надлежен суд и/или
- за починат родител - извод од матичната книга на умрените.

5. Во постапката за избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител секоја единица треба да изврши евалуација и проверка на веродостојноста на поднесената документација од сите пријавени кандидати (согласно чл. 5 од Одлуката). Комисијата самостојно ги пресметува поените и креира ранг - листа за секоја студиска програма и за секоја студиска година пооделно. Ранг - листите се објавуваат на интернет страницата на единицата најдоцна до 20.10.2025 година.

6. Апликантите имаат право на приговор по објавените ранг - листи најдоцна до 28.10.2025 година. Комисијата на единицата ќе ги разгледа и ќе одговори на приговорите во рок од 5 работни дена. Доколку се утврди дека некој апликант поднел документација која не е веродостојна, истиот се симнува од ранг-листата. Прворангираните кандидати од секоја листа ја сочинуваат Конечната ранг-листата на добитници на погодноста за намалување на уписнината за единицата.

7. Конечната ранг-листа Комисијата ја објавува **најдоцна до 8.11.2025 година**.

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**СКОПЈЕ**

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф.576
Република Македонија
телефон +389 2 3293 293 факс +389 2 3293 202 ректор + 389 2 3293 200
www.ukim.edu.mk